A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)

(/default)

МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 22.03.2019

Секторот за внатрешни работи Скопје поднесе кривична пријава против Н.Д.(23) од Скопје поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“, казниво по член 396 од Кривичниот законик. На 20.03.2019 година, при вршење патролна служба на улица „Боро Менков“, полициски службеници при преглед кај пријавениот пронашле и одзеле пиштол „SIG-SAUER 7.65“ со рамка во која имало три куршуми, без соодветна дозвола.

Секторот за внатрешни работи Скопје поднесе кривична пријава против А.Б.(51) од Скопје поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“, казниво по

член 215 од Кривичниот законик. На 20.03.2019 полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, а подоцна, истиот ден, врз основа на судска наредба,извршиле и претрес во неговиот дом при што пронашле хероин.

На 21.03.2019 во времето од 09.40 до 12.00 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претреси во домовите на Ф.С.(56) и Е.С.(30), двајцата од село Бучим радовишко. При претресите биле пронајдени и одземени пари - различни валути, муниција за ловно оружје и марихуана. Е.С. бил лишен од слобода и задржан во Полициската станица Радовиш. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.03.2019 во 14.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на место викано „Зајчев рид‟, во близина на Хидрометеоролошкиот завод, горела сува трева и нискостеблеста шума. Полициски службеници излегле на местото на настанот каде бил затекнат Р.Ѓ.(78) од Скопје. Во разговор со полициските службеници тој појаснил дека при заварување на оградата, од искрите настанал пожарот, кој тој не успеал да го изгасне. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат во 14.50 часот. Се работи на расчистување на случајот.

На 21.03.2019 во 21.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, В.Н.(29) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 17.25 часот на булеварот „Трета Македонска Бригада‟ била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

На 21.03.2019 во 09.30 часот во Полициската станица Битола бил приведен З.Р.(20) од Република Албанија поради непријавен престој во РСМ. Лицето било затекнато на автобуската станица во Битола.

На 21.03.2019 во 12.30 часот во Полициската станица Центар, Ј.П.(53) од Скопје пријавил дека на 20.03.2019 околу 12.30 часот на плоштад „Македонија‟ бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Во текот на изминатиот ден (21.03.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 45 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 27 возачи од кои: 24 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и тројца возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така, исклучени од сообраќај се и 24 возила бидејќи 21 возило биле нерегистрирани и три возила биле технички неисправни Санкционирани се четири возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, четворица поради недавање првенство на минување на пешаци, двајца поради неправилно престројување, осум возачи поради неносење заштитен шлем при управување со моторцикл, пет возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 14 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се тројца пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин и четири пешаци поради поминување коловоз на црвено светло. Во текот на изминатиот ден издадени се 144 мандатни платни налози и 82 возила се подигнати со специјално возило "пајак". Изминатиот ден се случиле девет сообраќајни незгоди во кои пет лица се здобиле со телесни повреди.

На 21.03.2019 околу 11.30 часот било пријавено дека на крстосница од улиците „Мукос‟ и „Шаќир Војвода‟ во Прилеп, патничко возило „Фолксваген голф‟ со прилепски регистарски ознаки, управувано од Р.Д.(19) од Прилеп, удрило во 11-годишен велосипедист од Прилеп. Притоа, детето се здобило со тешки телесни повреди и било пренесено во Градската општа болница Прилеп, каде му била укажана лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Прилеп и се работи на расчистување на случајот.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на 21 март извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, товарни возила, сигурносен појас и светло. Притоа, исконтролирани се вкупно 334 возила и возачи и било констатирано дека 17 возачи ја надминале дозволената брзина, тројца возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирано било едно возило и на мобилен телефон разговарал еден возач. Сигурносен појас не користел еден возач.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против А.С.(29) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟ и „спречување на докажување‟. На 17.01.2019 во Кавадарци, пријавениот не застанал на даден знак за запирање од полициски службеници и од возилото, кое го управувал, фрлил кеса во која имало марихуана. Подоцна, на излезот од село Ваташа, пријавениот бил сопрен и лишен од слобода.

На 21.03.2019 од 16.00 до 17.00 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Тетово извршиле претрес во домот и помошни простории на И.А.(57) од тетовското село Горно Орашје. При претресот била пронајдена и одземена марихуана и семки од марихуана. И.А. бил приведен и задржан во Полициската станица Тетово за натамошна постапка.

На 21.03.2019 во 15.30 часот, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори‟, од слобода бил лишен и приведен во Полициска станица Струмица М.А.(30) од Струмица. По целосно документирање на случајот, против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициската станица Радовиш поднесе кривична против С.А.(51) и Р.В.(57), двајцата од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторени кривична дела „злоупотреба на службената положба и овластување‟ и „фалсификување на службена исправа‟. На 13.02.2017 првопријавената, како директор во основното училиште „Крсте Петков Мисирков‟ во Радовиш и второпријавениот, како секретар во наведеното училиште, распишале оглас за прибирање на понуди за сметководствени, ревизорски и книговодствени услуги во вредност поголема од утврдената вредност за овој вид на услуги во годишниот план за јавни набавки за 2017 година. На огласот била прифатена понуда од приватна фирма, по што второпријавениот, по налог на првопријавената, изготвил лажен годишен план за јавни набавки за 2017 година, кој го евидентирал со ист број и датум како претходниот, а подоцна изготвил и уште еден годишен план за јавни набавки за 2017 година. Со ова пријавените му овозможиле правното лице да се стекне со противправна имотна корист од 113.280 денари на штета на Буџетот на општина Радовиш.

На 21.03.2019 во 14.45 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домот на Ѓ.Т.(37) на ул.„Балканска‟ во Штип. При претресот биле пронајдени насади со марихуана, кои биле одземени и дадени на вештачење. Ѓ.Т. бил лишен од слобода и задржан во Полициската станица Штип.

На 21.03.2019, тетовската полициска станица за безбедност на патниот сообраќај извршила засилени контролни активности и соодветно законски санкционирала различни видови прекршоци. 18 од нив се однесуваат на непрописно паркирање, управување без возачка дозвола и техничка неисправност, а 12 возила не ја прилагодиле брзината според условите на патот. Во овие активности контролирани се и четири мотоцикли, од кои двајца ги управувале со несоодветна категорија, еден без дозвола и еден со истечена регистрација. Контролирани се, исто така, и две возила кои вршат јавен превоз на патници. Кај едно од нив констатирана е техничка неисправност.

На 22.03.2019 околу 05.50 часот во Полициската станица Тетово бил приведен К.К.(31) од Република Албанија, кој непријавено престојувал во РСМ. Тој бил задржан за натамошна постапка.

На 21.03.2019, во периодот од 12.00 до 23.00 часот, од страна на полициски службеници од СВР Штип во содејство со шумска полиција и шумско стопанство, на место викано „Црн врв“ и место викано „Мутова Корија“, атар на село Кошево, штипско, биле пронајдени четири патнички возила и дабови огревни дрва, кои неколку лица се обидувале да ги товараат, но откако ги забележале полициските службеници побегнале. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за целосно расчистување на случајот.

На 21.03.2019 во 08.55 часот било пријавено дека во Скопје, на патниот премин во Ново Село, бил каменуван патничкиот воз кој сообраќал на релацијата Скопје – Волково. Притоа, било скршено едно ветробранско стакло, а повредени лица нема. Се работи на расчистување на случајот.

На 21.03.2019 во 19.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во објект на Кајакарска Федерација на РСМакедонија во село Долна Матка, општина Сарај, настанал пожар. Во пожарот била зафатена кровната конструкција. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил целосно локализиран.

На 21.03.2019 околу 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во дворот од средното училиште „Шаип Јусуфи“ во населба „Шуто Оризари“, С.Д.(16) од Скопје бил физички нападнат од Ц.Х., двајцата ученици во наведеното училиште. На С.Д. му била укажана помош во комплексот клиники „Мајка Тереза“ во Скопје. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 21.03.2019 во 09.10 часот во СВР Скопје, М.В.(51) од Скопје, вработена во Центар за социјални работи, кој се наоѓа во склоп на домот „25-ти Мај“, пријавила дека истиот ден околу 08.30 часот во просториите на центарот, физички била нападната од лицето А.М. поради тоа што не можела да му издаде документ кој го барал. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 22.03.2019 околу 04.15 часот во СВР Скопје, С.Н.(27) од село Батинци, скопско, пријавил дека на излез од село Батинци, додека се движел со патничко возило „Фолксваген голф“, кон него со оружје пукале Р.А. и Ш.А., двајцата од село Батинци, но не го повределе. По преземени мерки Ш.А. бил пронајден и приведен во полициска станица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.03.2019 во 22.00 часот во Полициска станица Радовиш, Д.Ѓ.(76) од Радовиш пријавил дека истиот ден околу 19.20 часот на улица „22 Октомври“ во Радовиш бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 21.03.2019 година во 16.30 часот во Полициската станица Центар, М.В.(20) од Прилеп пријавил дека истиот ден околу 10.40 часот на улица „Димитрие Чуповски“ бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 20.03.2019 во Полициската станица Струга било пријавено дека настанал пожар на нива лоцирана во близина на струшкото село Мороишта, при што опожарени биле четири плевни и една куќа. Во пожарот целосно изгореле над 10000 квадратни метри нискостеблеста вегетација, кабли од електрични столбови и друго. Пожарот бил локализиран од Територијалната противпожарна единица од Струга. На 21.03.2019, на местото на пожарот, извршен е увид предводен од надлежен Јавен обвинител. Полициската станица од Струга презема мерки за расчистување на случајот.

## МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

## АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

## ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

## ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)